





# ПЕЈЗАЖ

**Сиљановски Симеон**
**Кочовски Илија**
**Котевски Владе**
**Најденовски Драган**
**Кочевски Димитар - Мичо**

ЛИКОВЕН САЛОН - БИТОЛА. АПРИЛ 1999.

Пејзажот, мотив кој ја преставува природата многу често се јавува како одраз на лирските и интимистички чувства кај ликовните уметници. Оваа изложба претставува избор од ликовни креации на пет автори од Битола кои во својат опус ја опсервираат природата ( визуелно или имагинарно ) и преку карактеристичен, својствен ликовен ракопис, ја откриваат сопствената уметничка креација.

Илија Кочовски создава комбинација од визуелен и внатрешно доживеан пејзаж прикажан низ асоцијативно апстрактни форми компонирани со специфична геометриска архиктетонија на колоритот со длабоко обмислени комбинации на контрастните површини.

За Симеон Силјановски пејзажот е повеке од имагинарен исполнет со специфични форми на индивидуалното доживување на елементите од природата ( дрва, птици, змии... ) поставени на невообичаен, неодреден начин во преден план, додека во позадина се поставени елементи од урбаниот простор. Колоритот е во функција на основната идеја-сите елементи да можат да се перципираат од повеке аспекти.

Димитар Кочевски - Мичо креира експресионистичко - импресивен визуелен пејзаж во кој се одсликува временската димензија на создавањето ( низ годишните времиња ), а според колористичките показатели и на дневните влијанија на светлината врз елементите ( осамено дрво, предел... ). Во неговите дела карактеристична е спецификата на колористичкиот ракопис со внесување на препознатливи симболични површини.

Драган Најденовски асоцијативно-апстрактните лирски композиции на визуелниот пејзаж ги исполнува со контрастни колористички површини низ кои се насетува авторовото поетично расположение.

Владе Котевски пејзажот го „ гради “ анализирајки дел по дел од ликовниот простор со што добива асоцијативно композициско решение на елементите.

Оваа изложба претставува само едно потсетување, навраќање на реалните вредности, инспирации и квалитети од неисцрпниот ликовен универзум - природата , доживеана сосема индивидуално и транс- понирана уметнички креативно.

Лилјана Христова

# СИЛЈАНОВСКИ СИМЕОН

Дипломирал на академијата за ликовна уметност во Белград
Живее и работи во Битола. ул. Климент Охридски 25/1 тел: 224-333



# КОЧОВСКИ ИЛИЈА

Дипломирал на академијата за ликовна уметност во Белград
Живее и работи во Битола. ул. В.Бакариќ 50  тел: 251-573



# КОТЕВСКИ ВЛАДЕ

Завршил гимназија во Битола
Живее и работи во Битола. ул. Христо Узунов 17 тел: 31-837



# НАЈДЕНОВСКИ ДРАГАН

Завршил техничко училиште во Битола
Живее и работи во Битола. ул. Солунска 216   тел: 48-829



# КОЧЕВСКИ ДИМИТАР - МИЧО

Дипломирал на академијата за применета уметност во Белград
Живее и работи во Битола. ул. П.Божиновски 46/II-7 тел: 35-366, 221-575





ДИЗАЈН: Д.К.-МИЧО